# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2018

*Сабота, 7 април 2018*

## „ЈАС БЕВ ОЧИ НА СЛЕПИОТ И НОЗЕ НА ХРОМИОТ“

Овие зборови ги изговорил судијата и патријархот Јов, а стојат запишани во Книгата за Јов 29,15. Јов го почитувал Бога и ги сакал луѓето. Божјата Реч често го спомнува името на праведниот Јов, укажувајќи на него како праведен човек и водач на луѓето коишто не го познавале Бога. Неговиот пример е голем поттик за нас - и ние да бидеме очи на слепите и нозе на хромите.

Гревот го ослепел грешникот да не го гледа Бога

Човекот гледа со телесните очи само она што е телесно. Меѓутоа, човекот може да го види она што е духовно само со духовни очи, коишто само Бог може да ги отвори. Пророкот Соломон рекол: „На мудрецот очите му се во главата, а безумниот скита во темнина. Но знам исто така дека двајцата ги стигнува иста коб“ (Проповедник 2,14).

Какви се тие очи во главата? Според објаснувањето на Библијата, тоа е разумот или срцето. Апостол Павле на верните им напишал: „Бог на нашиот Господ Исус Христос, Таткото на славата, да ви даде дух на мудрост и откровение во вистинското познавање на Него: и да ги избистри очите на вашето срце, за да знаете каква е надежта на Неговото повикување, колкаво е богатството на Неговото славно наследство во светите“ (Ефешаните 1,17.18).

Гревот ги затемнил духовните очи на грешниците, па затоа не можат да го видат Бога и делото што Тој го прави за нив. Затемнувајќи им го умот или срцето, грешниците чекорат во мрак. Но луѓето, чиишто очи им ги отворил Бог преку Светиот Дух, мора да бидат очи за слепите. За целта на своето доаѓање на Земјата, Исус рекол: „Јас дојдов на овој свет за суд, а да прогледаат кои не гледаат и за да ослепат кои гледаа“ (Јован 9,39).

Што одредил Бог да бидат Неговите деца за овој свет? Исус рекол: „Вие сте светлината на светот’ (Матеј 5,14). Неговите деца треба да му зборуваат на грешникот за Бога и за Неговата љубов,

да му ја покажат причината за страдањата и смртта, но и за она што Бог направил за него - тоа е отворање на очите на грешникот, очите на разумот или срцето, за да го види она што телесното око не го гледа и да го разбере она што разумот не го разбирал.

Како ќе бидеме очи за слепиот и нозе за хромиот?

Кога Исус го повикал прогонувачот Савле да биде Негов сведок на луѓето, за неговата мисија рекол: „Затоа ти се јавив, за да те назначам за служител и за сведок како за ова што го виде, така и за она во кое ќе ти се Објавам; избавувајќи те од луѓево и од народите, при кои те праќам сега, за да им ги отвориш очите, и да се обрнат од темнината кон светлината; од сатанската власт кон Бога, и преку верата во Мене да примат опростување на гревовите и наследство меѓу осветените'" (Дела 26,16-18).

Нашето искуство во најголема мера е слично на искуството на апостолот. Наша света обврска е да им ги отвориме „очите, и да се обрнат од темнината кон светлината; од сатанската власт кон Бога".

Во Духот на пророштвото читаме: „ Веста на евангелието и дело на службата на љубовта, Бог можел да им ги довери на небесните ангели. Можел да се послужи и со други средства за да ја исполни својата намера. Но во својата безгранична љубов Тој решил нас да нè стори свои соработници, Христови и ангелски соработници, за да можеме да ги уживаме благословите, радоста и духовната поткрепа, плодовите на таа несебична служба" (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 115).

Да го слушнеме искуството на една наша сестра која ѝ помогнала на извесна госпоѓа да ги отвори очите и да ја види вистината и Христа во Божјата реч, Библијата. Оваа наша сестра, која сакала на луѓето да им ги отвора очите да го познаат Бога, тропнала на вратата од една куќа со намера во таа куќа да ја однесе вистината за Бога и за спасението што тој го нуди. Кога чукнала, на вратата се појавила постара госпоѓа и ја запрашала сестрата што сака. Сестрата ѝ одговорила: „Јас само сакав да ве прашам, госпоѓо, дали вие го познавате својот Творец и дали го сакате?" „Јас го са-

кам Бога", одговорила жената, „но не го познавам, бидејќи никој не ми зборувал за него, дури ни свештеникот, а на мојата врата до денес доаѓаа многумина и секој од нив различно ми зборуваше за Бога. Јас сум, всушност, збунета и не знам дали постои човек што навистина го познава Бога како што треба. А, ете, и вие сакате да ми зборувате за Него. Како тогаш да верувам и како да го запознаам?"

Нашата сестра ѝ подала на оваа госпоѓа една листа со прашања и стихови од Библијата кои одговарале на ваквите прашања. „Одговорите ќе ги најдете само во Библијата. А дали имате Библија?" Госпоѓа одговорила дека има Библија, но дека не ја чита токму поради тие бројни толкувања за Бога.

Потоа сестрата ѝ покажала на таа жена како самата да ги бара одговорите во Библијата, за да може правилно и добро да ја разбере Божјата волја запишана во таа света Книга. Сестрата ѝ Ветила на оваа госпоѓа дека наскоро повторно ќе ја посети и ќе види како одговорила на прашањата. Госпоѓа се заблагодарила и рекла дека однапред се радува на нивната повторна средба.

По еден месец ова верничка повторно ја посетила госпоѓата што ја примила многу срдечно. Цел час заедно ги прегледувале прашањата и одговорите од Библијата. Госпоѓата сфатила дека не е тешко да се разбере Библијата и дека тоа е најдобриот водич што Господ му го дал на човекот.

Не поминале ни пет месеци, а таа госпоѓа добро ја запознала вистината за Бога, за Неговата љубов кон луѓето и за Неговото спасение. По пет месеци сторила завет со Бога. Била радосна и мошне благодарна на сестрата што ѝ помогнала да ѝ се отворат очите да го види Бога и спасението кое Тој ѝ го нуди.

Бог целата Црква ја задолжил да ги спасува грешниците. Во книгата *Патот кон Христа* читаме на 117. страна: „Христовата црква добила од Бога задача да ги спасува луѓето. Нејзина мисија е да му го однесе евангелието на светот. Тоа е обврска на секој христијанин. Секој поединец, во согласност со талантите и приликите што ги има, треба да го исполни налогот на Спасителот.

Христовата љубов што ни е откриена не прави должници на сите што не го познаваат Христа. Бог ни го дал виделото не само за нас, туку и за сите нив.“

Спасените души ќе бидат во Божјето царство славни венци за оние кои на Земјата им помогнале да се запознаат со Бога и со Спасителот Исус Христос. Апостол Павле за тоа пишува: „Зашто, кој е наша надеж, или радост, или венец, за пофалба? Та не сте ли вие пред нашиот Господ Исус при Неговото доаѓање?“ (1. Солуњаните 2,19)

Духот на пророштвото кажува: „Наскоро вратата на небото ќе се отвори да ги прими Божјите деца, а од усните на Царот на славата, како најубава музика, ќе се слушнат зборови на благослов: ’Дојдете благословени од мојот Отец, наследете го царството што ви е приготвено од создавањето на светот’ (Матеј 25,34)“ (*Патот кон Христа,* стр. 86).

*Сабота, 5 мај 2018*

## „ЌЕ ИЗВРШАМ СÈ ШТО МИ Е ПО ВОЛЈА“

**„Оној Сум, кој од почетокот го открива свршетокот и јавува однапред за она што уште не се збиднало! Јас велам: ‘Мојата одлука ќе се исполни, ќе извршам сè што Ми е по волја’“ (Исаија 46,10).**

Каква е Божјата волја за нас? Каков е Божјиот став спрема грешникот на Земјата? „Те љубам со вечна љубов, затоа ти запазив милост“ (Еремија 31,3). На овие зборови Исус го додал и следното: „Зашто не слегов од Небото да ја извршувам мојата волја, туку волјата на Оној, кој ме испратил. А ова е волјата на Оној, кој ме пратил: да не изгубам ништо од сè што ми дал, туку да го воскреснам во последниот ден“ (Јован 6,38.39).

**I. Како наш небесен Татко, ја остварува својата волја во однос на грешниците кои безмерно ги сака:**

„Ги познава оние, кои прибегнуваат кон Него.“ (Наум 1,7)

„Тој ќе ги исполни желбите на твоето срце.“ (Псалм 37,4)

„И ќе ја познаете вистината, и вистината ќе ве ослободи“ (Јован 8,32)

„А кои се надеваат на Бога, ќе ја наследат земјата.“ (Псалм 37,9)

**II. Како Бог им ја објавува на грешниците својата спасоносна вистина:**

„Господ Бог ми ги отвори ушите: Не се противев, ниту се повлекував.“ (Исаија 50,5)

„Господ им ги отвора очите на слепите.“ (Псалм 146,8)

„Господ ги љуби праведните.“ (Псалм 146,8)

**Искуство од Дојранското езеро**

Ова се случило пред неколку децении. Голем пороен дожд се излеал над стариот Дојран и на луѓето им ја однел храната во езерото или им ја затрпал со тиња и кал. Два дена по оваа непогода, еден стар пастир ги истерал своите овци на пасиште близу од езерото. Пред стадото полека одело неговото големо куче – шарпланинец. Одеднаш, кучето се одвоило од стадото и итно се симнало во едно долче и почнало да копа по калта. Пастирот го забележал тоа и помислил дека кучето намирисало некаква храна. И навистина, кучето извлекло нешто од калта! Брзо се вратило кај својот господар, носејќи во забите некој предмет. Доаѓајќи пред пастирот, испуштил една голема книга, која била сета валкана и водена. Пастирот ја зел книгата, ја измил во езерото и почнал да ја чита. Заклучил дека оваа книга е од верски карактер, бидејќи многу зборувала за благословите. Тогаш се сетил на некои побожни луѓе во Дојран. Тоа биле тројца браќа и една сестра. Еден од нив бил фурнаџија, вториот кондураџија, третиот дрводелец, а сестрата била портирка во новоизградениот хотел. Пастирот знаел дека тие многу ќе се израдуваат на овој подарок, па им ја однел Книгата истата вечер додека се враќал со своето стадо.

И навистина, безмерна радост внела во семејството кое ја до-

било оваа Книга. Ја читале со жар, иако била нечиста, иструткана и ѝ недостасувале по неколку страници од двете страни. Еден ден во кондурациската работилница влегол некој постар човек, кој бил аџија (поклоник), познат по својата побожност и кој ги посетувал познатите манастири на Балканот.

Кондураџијата се пофалил дека неговото семејство чита една дебела Книга, но не знаат каква книга е тоа, ниту како треба да го разберат она што го читаат во неа. Кога старион аџија ја видел Книгата, им рекол дека тоа е Библија или Свето писмо, кое Бог им го дал на луѓето за да знаат како да живеат и да се подготват за Божјето царство. Потоа стариот аџија рекол дека ќе им донесе нова Библија, која ги има сите листови, и така ќе можат да дознаат многу повеќе за Бога и за Божјиот Син, Исус Христос. Откако го исполнил своето ветување, ова семејство радосно ја читало Библијата полни две години. За тоа време тие ја запознале вистината за саботата, за правилната исхрана, за второто доаѓање и за многу други точки на библиската наука.

По две години, една христијанка, адвентистка од Скопје дошла во Дојран, во посета на својата ќерка. Сведочејќи им на луѓето за Христа, дознала дека во Дојран живее едно семејство кое ја празнува саботата и ги држи скоро сите точки на библиската вистина. Брзо ги пронашла. Кога почнала да им зборува за Бога, видела дека тие живеат целосно според принципите на Библијата, кои ги почитуваат верниците на Адвентистичката црква. Ова семејство било пресреќно кога слушнало дека во Скопје има луѓе кои живеат во согласност со библиската наука. Оваа адвентистка ветила дека за нив ќе го извести пасторот во Скопје, и тој навистина ги посетил. За време на својата посета, пасторот видел дека тие навистина живеат потполно во согласност со библиската наука, и дека им недостасува само да бидат крстени. Два дена поминал со нив, утврдил дека им е позната секоја библиска вистина, и на крајот од вториот ден ги крстил.

Чудни се Божјите патишта и средствата со кои се служи за да им ја открие на луѓето својата спасоносна вистина. Тој во овој

случај се послужил со едно животно – куче, за да ги открие спасоносните вистини што ги ставил во својата Книга – Библијата.

**Работата на Светиот Дух во човечките срца**

Извештајот за Филиповата работа со службеникот на арапската царица на патот за Ерусалим кон Газа, ни го открива начинот на дејствувањето на Светиот Дух во срцата на искрените луѓе (Дела 8,26-40).

За невидливата работа на Светиот Дух во срцата на искрените луѓе, ни говори и самиот Спасител (Јован 16,7-14).

Симболизмот на ангелот кој ја осветлува целата Земја, Бог ја обележува работата на својот народ кој ја објавува тројната ангелска вест, нагласувајќи ја посебно веста на последните двајца ангели (Читај Откровение 18,1-5).

Духот на пророштвото ја дополнува сликата на работата со овие зборови: „Третиот ангел лета среде небото и ги објавува Божјите заповеди и Исусовото сведоштво претставува наше дело на Земјата... Јован видел како делокругот на работата на овој ангел постојано се шири, така што целата Земја била осветлена со Божјата слава... Видов дека оваа вест ќе напредува со сила одозгора, ќе ја објавува својата мисија и ќе се заврши во правда“ (ЕГВ).

Понатаму во Духот на пророштвото читаме: „Покажано ми е дека третиот ангел, кој ги објавува Божјите заповеди и верата Исусова, го претставува адвентниот народ кој ја прима оваа вест и ја носи во овој свет, повикувајќи го да ги држи Божјите заповеди. Речено ми е дека многумина ќе го прифатат овој повик и ќе почнат да ја празнуваат саботата.“ (ЕГВ)

Така Бог ќе го заврши своето дело во правда и Христос наскоро ќе дојде по својот народ (Римјаните 9,28).

*Сабота, 2 јуни 2018*

## „БИДЕТЕ МУДРИ И ТРЕЗНИ...“

Тема за нашата денешна проповед ја наоѓаме во зборовите на апостол Петар: **„А крајот на сè е близу. И така, бидете разумни и бдејте во молитвите“ (1. Петрово 4,7).**

Ова е свечена вистина. Големите настани што се одигруваат пред наши очи се речити знаци за близината на крајот на злото.

Ние незапирливо одиме во пресрет на уште поголеми настани. Веќе не се зборува за златен век. Идејата за некој непрекинлив напредок сè повеќе бледи. Кај водечките умови на светот сè повеќе созрева мислењето дека овој свет не може уште долго да опстане. Мора да се случи некој голем настан.

Затоа Бог сака ние сложно да му ги објавуваме овие големи вистини на светот. Меѓутоа, и ние не сме подготвени. Уште не нè освоила силата на Духот кој би требало силно да нè поттикне да работиме за Него.

Апостол Петар кажува дека треба на светот да му се објавува оти е близу крајот, но тој не го нагласува тоа изрично, зашто и без тоа наша должност е тоа да го правиме.

Она што тој сака да го нагласи е далеку поважно, а тоа е подготовка за тој настан - не само негово објавување: „Бидете мудри и трезни во молитвите.“ Тој сака во нашиот живот да се случи духовна преродба.

Многу верници живеат во страв. Тие гледаат во иднината со страв. Знаат дека светот оди во пресрет на голема неволја. Не е можно себеси да си претставиме каков ќе биде животот на Божјиот народ во часот кога ќе се повторат прогонствата од минатото. Сатаната и неговите ангели ќе прават чуда и ќе настојуваат да ги измамат дури и избраните ако е тоа можно. Во секој случај, тие ќе се обидат да ги имитираат сите облици на божествените откровенија.

Што ќе ни служи како сигурност во тоа тешко време? Што ќе

се случи со нас кога ќе се најдеме сами? Тогаш ќе мораме да живееме само од личната вера.

Ние треба да бдееме. Повеќе од сто години тоа веќе го правиме. Меѓутоа, таа будност денеска ни е повеќе потребна од кога било порано. Како на возачот што може да му се случи ноќе да заспие од умор, иако очите му се отворени, така и нам може да ни се случи да се навикнеме на настаните што се одвиваат пред нас и да задремеме, иако ги посматраме. Не е толку важно да ги разбереме настаните околу себе, колку што е важно да сме свесни за потребата од будност и внимание на внатрешната преродба. На таа работа мора целосно да ѝ се посветиме.

Исус исто така ја нагласувал и потребата од бдеење. Верникот треба да бдее не само над себе туку и над својот брат и сестра, и тоа со љубов и грижа. Тој треба себеси да се смета за стражар. Никој нема да влезе сам низ бисерната врата. Секој треба некого да доведе.

Вистина, грешните склоности нѐ гонат да бдееме над слабостите на нашите ближни, да ги забележуваме нивните порази. Колку е беден овој вид бдеење! Наша вистинска должност е да настојуваме да им помогнеме на ближните и со љубов да ги упатуваме кон вечната врата на славата. Апостол Павле ни го дава следниот совет: **„Бдејте! Стојте цврсто во верата, бидете мажествени, бидете силни!“ (1. Коринќаните 16,13)**

Бдеењето ја вклучува и цврстината на верата. Ние треба да бидеме сигурни во она што го веруваме, иако живееме среде едно неверно и материјалистичко поколение.

Луѓето мислат дека сѐ зависи само од нив. Тие не се свесни дека Бог им е потребен. Дали ние сме наполно свесни за тоа? Ние го познаваме Божјиот план на спасение. Тој ни ги открил своите намери и планови и преку зборовите на Духот на пророштвото. На стотици различни начини Тој ни покажал каде се наоѓаме. Но непријателот не е неактивен. Тој постојано се обидува да нѐ наведе да ги спуштиме начелата и се обидува да нѐ одвои од нашите должности.

Духот на пророштвото за тоа ни го кажува следното:

„Видов дека сатаната вложува напори да го збуни, да го измами и да го заведе Божјиот народ токму во ова време на запечатување. Ги видов оние што не зазеле решителен став на страна на сегашната вистина. Нивните колена треперea и стапалата им се лизгаа зашто не стоеја цврсто на темелот на вистината. Додека така се колебаа, над нив не можеше да се рашири заштитата на Семожниот“ (Рани списи, 44).

Сатаната ги сосредоточува на црквата своите најжестоки напади. Силата на откупот ќе ја покаже сета своја моќ и слава кога ќе биде изложена на тие напади на силите на злото. Од овој голем судир Бог излегува како победник. Сатаната веќе е победен непријател. Сите оние што се вкоренети во вистината и чиишто срца се чисти, исто така ќе победат со Бога.

Да бидеме силни во Бога. Да бидеме луѓе на секое место и во секое време. Бог сака неговиот народ да се подигне и да се засили. Тој сака неговиот народ единствено да му се противстави на непријателот. Тој сака да му подари своја победничка сила.

**Дали веќе сме ја примиле силата?**

На крајот, да си спомнеме уште еднаш за зборовите на апостол Петар:

„А наближи крајот на сè. Затоа бидете разумни и со трезвен дух во молитвите. Пред сè, имајте сесрдна љубов меѓу себе.“

Братската љубов е круна на христијанското искуство. За крај на делото, на Бога не му е првенствено важна добрата организација, зградите, бројот на верниците, туку нашата љубов кон него и кон ближните.

Ако Христовиот Дух го исполни нашиот живот, ќе ја имаме таа сила и љубов. Ние треба да бидеме познати пред светот по братската љубов.

Дали сме подготвени постојано да ја развиваме и да ја откриваме на дело таа највозвишена особина? Амин!

**Градиво за саботна школа**
**МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ 2/2018**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
**Одделение за саботна школа**
**Христијанска адвентистичка**
**црква во Р. Македонија**

**Подготвил: Мелита Томовска**

**Одговара: Томе Трајков**

**За интерна употреба**